**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-411/4**
**Скопје, 08.06.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЛАБУНИШТЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Лабуниште за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Лабуниште за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Јакуп Ќазимоски, градоначалник на општина Лабуниште, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 09.02. до 13.02.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска – Виш ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Статутот на општината од 17.11.1996 година и Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Лабуниште бр. 03-14 од 31.03.2004 година не се усогласени во законски определениот рок од шест месеци (до јуни 2002 год.), согласно член 91 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ бр.5/02). Исто така општината нема донесено нов Деловник за работа на Советот со кој ќе се регулираат надлежностите на Советот и начинот на работа на комисиите на Советот. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови согласно важечката законска регулатива го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа и придонесува да неможе да се изврши пополнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и работните задачи.

**Препорака:**

По овие наоди ревизијата не дава препорака од причини што по законскиот рок е извршено усогласување на Правилникот за систематизација на работните места со постојната законска регулатива и поради тоа што општината Лабуниште е населено место на општина Струга, согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија ( Сл. Весник на РМ. бр, 55/04).

**10.2. Неправилности во искажување на расходите/приходите**

10.2.1. На ревизијата не и беше презентирана на увид Одлука за висината на надоместокот за комунално уредување, од тие причини ревизијата се оградува од реалноста на евидентираните приходи на ставката Даноци на специфични услуги по основ на комунална такса за изградба на објекти во вкупен износ од 148 илјади денари. Непочитувањето на законските одредби и не добро спроведените постапки на примопредавање на документацијата при припојување на општината Лабуништа кон општина Струга, доведува да се нема реална слика за состојбата и работењето на досегашната општина Лабуништа.

**Препорака:**

Надлежното одделени во општина Струга согласно Законот за канцалариско работење да изврши соодветно архивирање на преземената документација од досегашните општини, кои со Законот за територијална организација на ЕЛС во Република Македонија се припојуваат кон општина Струга, и истата по барање на надлежните органи да биде достапна во секое време.

**10.3. Незаконско и ненаменско користење на средствата**

10.3.1. Направени се расходи без да се обезбедат средства со буџетот, кое не е во согласност со Законот за буџетите, во износ од 863 илјади денари повисоки од планираните со буџетот и тоа за следните намени :

- патни и дневни трошоци за 66 илјади денари;
- материјали за 205 илјади денари;
- договорни услуги за 341 илјади денари;
- тековни трансфери и субвенции за 150 илјади денари;
- купување на мебел и канцелариска опрема за 101 илјади денари.

Причината за неусогласеноста на планираните и остварените расходи е не донесената одлука за пренамена на средствата согласно Законот за буџетите. Непочитувањето на законските прописи доведува до реализирање на трошоци кои не се утврдени со буџетскиот документ.

**Препорака:**

Извршување на расходите од буџетот да се врши согласно истиот во рамките на одобрениот план и за соодветната намена. Доколку се јави потреба за прераспределба на планираните расходи на ниво на ставки и програми Советот навреме да донесува Одлука за прераспределба.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2. и 10.3. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Лабуниште на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Буџетот на општина Лабуниште поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2. и 10.3. не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, за 2004 година.

**Скопје, 19.05.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**Буџет на ЕЛС ЛАБУНИШТЕ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3 | 3,803 | 3,597 |
| Неданочни приходи | 3.4 | 11 | 43 |
| Трансфери и донации | 3.5 | 1,846 | 1,392 |
| **Вкупно приходи** | | **5,660** | **5,032** |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 1,941 | 1,488 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 2,631 | 2,192 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 150 | 12 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,722** | **3,692** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 292 | 310 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **292** | **310** |
| **Вкупно расходи** | | **5,014** | **4,002** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **646** | **1,030** |

**Буџет на ЕЛС ЛАБУНИШТЕ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 646 | 1,030 |
| **Вкупно тековни средства** | | **646** | **1,030** |
| **Вкупна актива** | | **646** | **1,030** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 646 | 1,030 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **646** | **1,030** |
| **Вкупна пасива** | | **646** | **1,030** |
| **Контрола:** | | **0** | **0** |